Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**јуни 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** .................... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** .................... **3**

Индустриско производство .................... 3

Број на работници во индустријата .................... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар .................... 5

Индекси на прометот во индустријата .................... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите .................... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти .................... 7

Промет во секторот трговија .................... 8

Инфлација .................... 8

Берзански цени .................... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** .................... **11**

Извоз .................... 12

Увоз .................... 13

Салдо на трговска размена .................... 14

Валутна структура .................... 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** .................... **14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација .................... 14

Расходи по буџетски корисници .................... 17

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** .................... **18**

Новоработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување .................... 18

Плати .................... 19

Пензии .................... 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** .................... **20**

Примарни пари .................... 21

Депозитен потенцијал .................... 21

Кредити на банките .................... 22

Каматни стапки на депозитни банки .................... 23

Пазар на капитал .................... 23

Девизни резерви .................... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јуни 2025 година

- Во јуни 2025 година, индустриското производство забележа раст од 0,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во јуни 2025 година изнесува 4,5% на годишно ниво и овој месец забрза споредено со претходниот месец (3,3% во мај 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи раст од 0,8%;
- Во периодот јануари - јуни 2025 година, извозот забележа раст од 2,9%, а увозот од 2,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 1,1% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – јуни 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 156.534 милиони денари, што претставува 43,2% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – јуни 2025 година изнесува 182.249 милиони денари, што претставува 45,1% од годишниот план, односно зголемување за 8,4% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во јуни 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 13,0% во споредба со јуни 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 12,9%;
- Просечната исплатена нето-плата во мај 2025 година достигна 45.796 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 11,0% и реален раст од 7,5%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 101.765 денари.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јуни 2025 година, индустриското производство забележа раст од 0,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторотите: Рударство и вадење камен за 6,9% и Преработувачка индустрија за 2,0%, додека намалување на производството бележи секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 29,3%.




Раст на производството во јуни 2025 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 58,0% од вкупната индустрија.




Од гранките со повисока додадена вредност, раст во јуни 2025 година е забележан кај производството на електрична опрема за 16,1% со придонес од 1,2 п.п. и кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 7,0% со придонес од 1,2 п.п., додека намалување бележат производството на машини и уреди за 1,2% со придонес од -0,1 п.п. и производството на метали за 12,8% со придонес од -0,4 п.п..

Од традиционалните гранки, во јуни 2025 година се забележува зголемување во следните гранки: производство на тутунски производи за 35,4% со придонес од 0,4 п.п., производство на кожа за 13,0% со придонес од 0,1 п.п., производство на прехранбени производи за 9,8% со придонес од 1,1 п.п., производство на текстил за 2,5% со придонес од 0,1 п.п., а намалување на производството се забележува кај гранките: производство на облека за 10,5% со придонес од -0,6 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 7,5% со придонес од -0,1 п.п. и производство на пијалаци за 3,0% со придонес од -0,1 п.п.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2025 година)*




1 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси
2 - Производство на електрична опрема
3 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
4 - Производство на прехранбени производи
5 - Вадење на други руди и камен

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2025 година)*




1 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
2 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
3 - Производство на други неметални минерални производи
4 - Останата производствена индустрија
5 - Производство на облека

Извор: ДЗС

Во јуни 2025 година споредено со јуни 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 4,6% со придонес од 1,4 п.п.), Капитални производи (раст од 2,0% со придонес од 0,5 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 1,9% со придонес од 0,6 п.п.), а намалено во групите: Енергија (пад од 24,4% со придонес од -2,1 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 4,3% со придонес од -0,2 п.п.). Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – јуни 2025 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (за 14,1%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 1,0%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 1,2%), додека пад се забележува во групите: Енергија (за 8,4%) и Капитални производи (за 3,8%).

## Број на работници во индустријата

Во јуни 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 4,0% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,5%, Преработувачка индустрија за 4,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,4%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на тутунски производи за 6,1%, производство на електрична опрема за 4,8% и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 4,7%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 0,4% и Трајни производи за широка потрошувачка за 11,4%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јуни 2025 година бележи пад за 4,1%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 4,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јуни 2025 година е зголемен единствено во секторот Трајни производи за широка потрошувачка за 14,7%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во јуни 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,3% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 1,2%, Преработувачка индустрија за 4,8%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 8,3% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во јуни 2025 година во споредба со јуни 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 8,0%, Интермедијарни производи, освен енергија за 4,5%, Производи за широка потрошувачка за 5,2% и Нетрајни производи за 5,4%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – јуни 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,3%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 0,2%, Преработувачка индустрија за 4,4%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 17,8% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%.

Во периодот јануари – јуни 2025 во споредба со јануари – јуни 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 16,3%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,4%, Производи за широка потрошувачка за 5,1% и Нетрајни производи за 5,4%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во јуни 2025 година во однос на јуни 2024 година бележи раст од 12,3%. Растот се

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи



должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 8,5% и Преработувачка индустрија за 12,4%.

Во јуни 2025 година во споредба со јуни 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи освен енергија за 3,8%, Капитални производи за 25,4% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 5,7%. Намалување на прометот се забележува единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка и тоа изнесува 1,1%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во јуни 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 94,9%);
- Производство на тутунски производи (раст од 42,8%) и
- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 26,6%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – јуни 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустријата бележи раст од 7,2%, што се должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 4,7% и Прерабоувачка индустрија за 7,2%.

Во периодот јануари - јуни 2025 година во споредба со периодот јануари – јуни 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во сите групи: Интермедијарни производи, освен енергија за 6,4%, Капитални производи за 10,6%, Трајни производи за широка потрошувачка за 2,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,1%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2025 година се забелжува намалување кај одобренијата за градење, по растот од претходниот месец (469 одобренија за градење во мај 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 213, што претставува раст од 15,1% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот раст се должи на годишниот раст во категориите издадени одобренија за градење за високоградба за 11,1% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 56,3%) и за објекти за реконструкција за 40,0%, додека кај бројот на издадени одобренија градење за нискоградба не е забележена промена. Висок раст се забележува и кај физичките лица и кај деловните субјекти. Доколку се гледа според региони, исто така, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред сè во Југоисточниот, Пелагонискиот и Полошкиот Регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јуни2025)*




Извор: ДЗС.

Споредено со мај 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 54,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2025 година е повисока за 47,1% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 38,3%.



Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 120 (или 56,3%) се наменети за објекти од високоградба, 37 (или 17,4%) за објекти од нискоградба и 56 (или 26,3%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 213 издадени одобренија за градење, на 110 објекти (или 51,6%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 103 објекти (или 48,4%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јуни 2025 година предвидена е изградба на 260 станови со вкупна корисна површина од 25.680м². Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 74,9% на месечно ниво, а за 35,0% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во мај 2025 година изнесува 2.847 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 18,4%, при што раст се забележува кај нискоградбатата за 12,7%, кај високоградбата за 23,8% и кај специјализираните градежни работи за 69,7%. Споредено со април 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 14,0%, и тоа кај високоградбата за 30,4%, а кај нискоградбата за 9,0%, додека кај специјализираните градежни работи се забележува пад од 9,2%. Кумулативно, во периодот јануари – мај 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 12.436 милиони денари, што е за 8,4% повеќе во споредба со истиот период минатата година.



**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - мај 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 7.637 милион денари, односно за 1,4% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се зголеми за 17,6% и изнесува 4.147 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 652 илјади денари, односно 55,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - мај 2025 година се зголеми за 9,5%, при раст кај високоградбата (19,0%), кај специјализираните градежни работи (57,1%) и кај нискоградбата (2,5%).

## Промет во секторот трговија




Во јуни 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 7,7%, по растот од 3,0% во мај 2025 година. Вредноста на прометот во јуни 2025 година изнесува 69.926 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - јуни 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 393.598 милиони денари, што е за 2,4% повеќе во однос на истиот период минатата година.

Кумулативно, во периодот јануари-јуни 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторите трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 210.505 милиони денари, што е за 0,6% повеќе во споредба со истиот период минатата година, трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 158.840 милиони денари, односно за 4,9% повеќе во однос на истиот период минатата година и трговија со моторни возила и поправки каде што вредноста на прометот за тој период изнесува 24.253 милиони денари, односно за 2,7% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во јуни 2025 година, трговијата на мало бележи раст од 13,1%, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува во сите групи: трговија на мало со автомобилски горива за 8,3%, трговија на мало со непрехранбени продукти за 5,2% и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 22,5%.

Во јуни 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (50,7%), а потоа следуваат Трговија на мало (43,6%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,7%).

## Инфлација




Стапката на инфлација во јуни 2025 година изнесува 4,5% на годишно ниво и споредено со претходниот месец се забележува нејзино зголемување (3,3% во мај 2025 година). Растот на инфлацијата овој месец во најголем дел произлегува од забрзувањето на растот на инфлацијата кај прехранбената компонента, како и од забрзувањетона растот на базичната компонента. Во периодот јануари - јуни 2025 година, просечната инфлација изнесува 3,8% на годишно ниво.

Во јуни 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) регистрираше забрзување на растот споредено со претходниот месец и изнесува 5,1% на годишна основа (4,2% во мај).




Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*
Извор: ДЗС.

Овој месец, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваат 6,3% и тие забележуваат позначително забрзување на растот во споредба со претходниот месец (4,9% во мај), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во мај изнесува 2,5 п.п. и е зголемен за 0,5 п.п. во споредба со претходниот месец. Растот на цените на храната доаѓа по завршувањето на мерките[1] на Владата за ограничување на маржите на основните прехранбени производи кои беа на сила до крајот на април. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: зеленчук (годишен раст од 9,7% и придонес од 0,5 п.п.), безалкохолни пијалаци (годишен раст од 18,1% и придонес од 0,5 п.п.), овошје (годишен раст од 21,8% и придонес од 0,4 п.п.), кафе, чај и какао (годишен раст од 28,5% и придонес од 0,4 п.п) и месо (годишен раст од 3,8% и придонес од 0,3 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во јуни 2025 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 7,6% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,5 п.п.).

Раст на цените е регистриран и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,9[2]%, Рекреација и култура од 5,6%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 4,3%, Разновидни стоки и услуги од 3,9%, Здравствена заштита од 3,2%, Облека и обувки од по 2,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,0%, Комуникации од 1,0% и Образование од 0,3%. Намалување на цените е регистрирано во категоријата Транспорт, и тоа од 0,1%.




Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан

Во јуни, потрошувачките цени се зголемија за 0,8% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 1,5%) што се должи на зголемениот притисок на прехранбената компонента. Овој месец цените на храната регистрираа

---

[1] Од 20.2.2025 година стапи на сила одлуката за ограничување на маржите на 102 групи основни прехранбени производи и средства за хигена и ограничување на цените на 8 групи најосновни прехранбени производи. Мерките се со важност заклучно со 30.4.2025 година. Со одлуката за ограничување на бруто профитната маржа во трговија на големо и мало опфатени се 102 групи на производи, односно:

-5% бруто профитна маржа на осумте основни прехранбени производи,

-10% бруто профитна маржа на прехранбени производи, односно група од 55 прехранбени производи (месо и преработки од месо, шеќер, млечни производи, маргарин, путер, конзервирани зеленчук и овошје, грав, ориз и тестенини)

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сѐ до 2030 година. Во октомври 2024 година беше воведена нова цена на тутунот.

раст од 1,1% што во одреден дел се должи и на завршувањето на мерките на Владата за ограничување на маржите[1] на основните прехранбени производи.

Во јуни 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната забави во споредба со мај и изнесува 2,0%[3].

Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација на краток рок се очекува благо намалување на 2,0% во 2025 година, пред да се намали на 1,6% во 2026 година и 2,0% во 2027 година. Вкупната инфлација се очекува да падне под 2% во вториот квартал од 2025 година и да продолжи да се намалува до минимум од околу 1,4% во почетокот на 2026 година. Зголемувањето на вкупната инфлација на 2,0% во 2027 година се однесува на привременото придвижување на цената на енергијата во нагорна насока, како резултат на мерките поврзани со енергетската транзиција.

## Берзански цени

Во јуни 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се зголеми за 11,3% на месечно ниво и изнесува 71,5 долари за барел. Зголемувањето се должи на повеќе фактори, пред сè на геополитичките тензии на Блискиот Исток односно конфликтот помеѓу Израел и Иран и променливата динамика на понудата и побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 13,5%.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јуни 2025 година, цената на природниот гас[4] се зголеми за 2,1% на месечно ниво. Растот на цената на гасот е под влијание на неколку фактори меѓу кои и временските услови, прекини во снабдувањето и геополитичките тензии. Во јуни 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 14,8% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Според Унгарската берза на електричната енергија (HUPX), цената на електричната енергија во јуни 2025 година изнесува 84,10 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 4,0%. Овој месец, цените на електричната енергија се зголемија како резултат на неколку фактори, меѓу кои временските услови односно повисоките температури и намаленото производство на енергија од обновливи извори и зголемената цена на гасот. Во јуни, цената на електричната енергија се намали за 8,3% на годишно ниво.

[3] Податокот е процена на Евростат

[4] Natural gas index (2010=100)

Овој месец, цените на повеќето основни метали регистрираа зголемување на месечно ниво, и тоа: бакарот и алуминиумот за по 3,2%, калајот за 1,8%, оловото за 0,8% и цинкот за 0,4%. Намалување на цените на месечно ниво забележаа никелот за 2,2% и железната руда за 4,8%.




Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*

Извор: Светска банка.

Во јуни 2025 година, цените на благородните метали регистрираа раст на месечно ниво, па така цената на златото се зголеми за 1,3%, на среброто за 9,9% и на платината за 27,8%. Цената на платината регистрираше рекорден раст како резултат на намалената понуда и нагло зголемената побарувачка во повеќе сектори.

Во јуни, цените на пченката и на пченицата се намалија на месечна основа за 3,8% и 1,8%, соодветно. На месечна основа, цената на сончогледовото масло се намали за 2,1%.

Табела 1.1. Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите шест месеци од 2025 година изнесува 9.719,2 милиона евра и бележи раст од 2,6% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари - јуни 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,9 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 60,4%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите шест месеци од 2025 година изнесува 21,2% и е намалено за 2,9 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.



**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите шест месеци од 2025 година изнесува 4.043,4 милиони евра и бележи раст од 2,9% (113,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,8% во однос на истиот период минатата година.



**Графикон 2.2:** Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*

Вредноста на извезените стоки во јуни 2025 година изнесува 695,5 милиони евра и бележи раст од 1,7% (11,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 5,3% споредено со јуни 2024 година.



**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2025 година извозот бележи пад од 6,7% (49,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 3,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,3 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите шест месеци од 2025 година е зголемена за 18,1 милион евра, што претставува раст од 7,0% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 11,7%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на извозот на храна во првите шест месеци од 2025 година изнесува 6,8% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Најголемо учество во вкупниот извоз на храна има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (43,1%), жита и преработки од жита (22,5%), месо и преработки од месо (9,0%) и млечни производи и јајца (8,5%).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите шест месеци од 2025 година изнесува 5.675,8 милиони евра и бележи раст од 2,4% (131,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 8,8%. Вредноста на увозот во јуни 2025 година изнесува 981,5 милиони евра и бележи раст од 9,4% (84,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 17,5% споредено со јуни 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2025 година увозот бележи раст од 1,4% (13,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 3,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,9 п.п.) врз увозот овој месец.







Вредноста на увозот на храна во првите шест месеци од 2025 година е зголемена за 33,6 милиони евра, што претставува раст од 6,5% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 2,9%. Во првите шест месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,7% и е зголемено за 0,4 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Најголемо учество во вкупниот увоз на храна има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,3%), овошје и зеленчук (16,8%), жита и преработки од жита (13,0%), кафе, чај, какао и зачини (11,4%) и млечни производи и јајца (10,6%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2024 | I-VI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 72,0 | 38,6 | -33,4 | -46,4 |
| Мил. ЕУР | 50,4 | 26,7 | -23,6 | -46,9 |
| Мил.$ | 54,5 | 29,2 | -25,3 | -46,4 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2024 | I-VI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 555,1 | 556,7 | 1,7 | 0,3 |
| Мил. ЕУР | 409,0 | 340,5 | -68,4 | -16,7 |
| Мил.$ | 442,2 | 371,8 | -70,4 | -15,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2024 | I-VI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 29,8 | 38,5 | 8,7 | 29,3 |
| Мил. ЕУР | 991,4 | 855,8 | -135,6 | -13,7 |
| Мил.$ | 1.071,4 | 936,9 | -134,5 | -12,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2024 | I-VI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,6 | 16,5 | 0,9 | 5,8 |
| Мил. ЕУР | 92,3 | 89,1 | -3,2 | -3,4 |
| Мил.$ | 99,7 | 97,3 | -2,4 | -2,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2024 | I-VI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 341,2 | 357,7 | 16,5 | 4,8 |
| Мил. ЕУР | 266,2 | 271,6 | 5,3 | 2,0 |
| Мил.$ | 288,1 | 296,2 | 8,2 | 2,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2024 | I-VI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 343,9 | 413,7 | 69,9 | 20,3 |
| Мил. ЕУР | 239,3 | 260,4 | 21,0 | 8,8 |
| Мил.$ | 258,8 | 284,2 | 25,5 | 9,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јуни 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 34,2%, односно 72,8 милиони евра споредено со јуни 2024 година.

Во периодот јануари - јуни 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,1%, односно 17,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки

за индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, горива и мазива и храна и пијалаци. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во првите шест месеци од 2025 година, 92,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,9% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,5 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 93,0% и 89,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 2,4 п.п, а кај увозот за 0,9 п.п. во однос на периодот јануари – јуни 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2024 | | | | | I - VI - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.959,0 | 5.008.075.128 | 61,5688 | 308.341.175.929 | 90,3 | 3.173,2 | 5.076.013.129 | 61,5947 | 312.655.505.888 | 89,4 | 67.938.001 | 1,36 |
| УСД | 277,2 | 522.758.180 | 56,9433 | 29.767.575.899 | 8,7 | 349,4 | 600.521.903 | 56,4611 | 33.906.127.211 | 9,7 | 77.763.722 | 14,9 |
| ГБП | 1,6 | 13.181.320 | 72,0362 | 949.532.197 | 0,3 | 1,0 | 10.313.939 | 73,1215 | 754.170.725 | 0,2 | -2.867.380 | -21,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.237,8 | | | 339.058.284.025 | 99,0 | 3.523,6 | | | 347.315.803.825 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 3.248,1 | | | 341.368.056.923 | 100,0 | 3.535,1 | | | 349.611.442.137 | 100,0 | | 2,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – јуни 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 156.534 милиони денари, што претставува 43,2% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,5% во однос на реализираните буџетски приходи во истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 142.370 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 44,6% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 6,3% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ

од 86.972 милиона денари (реализација од 43,8% од планираниот износ за 2025 година), додека придонесите се реализирани во износ од 54.655 милиони денари (годишен раст од 8,9%, односно 46,7% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 6,6%, данок на добивка за 0,9%, данок на додадена вредност за 2,8%, акцизи за 8,1% и увозни давачки за 16,1%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 16,2%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување за 27,0%, капиталните приходи за 37,9%, а приходите по основ на странски донации за 108,9%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – јуни 2025 година изнесува 182.249 милиони денари, што претставува 45,1% од годишниот план, односно зголемување за 8,4% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 169.629 милиони денари или 47,6% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 9,3% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 10,4%, кај стоки и услуги за 0,8% и кај каматните расходи за 9,3%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 9,8%, водени од растот на социјалните трансфери за 12,0%, расходите за здравствена заштита за 8,3% и блок и наменските дотации за 9,8%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 4,1%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 12.620 милиони денари (26,7% во однос на планираниот износ).

**Табела 3.1.** Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – јуни 2025 година

| | Буџет 2025 | Ребаланс 2025 | јануари - јуни 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **362.377** | **156.534** | **28,3%** | **43,2%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **319.196** | **142.370** | **26,0%** | **44,6%** |
| Даноци | 198.607 | 198.607 | 86.972 | **23,6%** | **43,8%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 35.676 | 15.700 | **26,6%** | **44,0%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 23.287 | 12.065 | **15,9%** | **51,8%** |
| ДДВ | 86.692 | 86.692 | 37.165 | **19,8%** | **42,9%** |
| Акцизи | 35.388 | 35.388 | 14.540 | **32,1%** | **41,1%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 16.255 | 7.063 | **38,4%** | **43,5%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 1.309 | 439 | **4,3%** | **33,5%** |
| Придонеси | 117.095 | 117.096 | 54.655 | **30,5%** | **46,7%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **30.608** | **11.189** | **45,3%** | **42,5%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **2.830** | **477** | **51,4%** | **13,6%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **9.743** | **2.498** | **139,3%** | **25,5%** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **403.728** | **182.249** | **26,5%** | **45,1%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **356.377** | **169.629** | **28,7%** | **47,6%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 49.189 | 23.253 | **33,5%** | **48,3%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 28.025 | 10.477 | **17,3%** | **39,8%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трансфери | 257.721 | 258.546 | 123.629 | **30,3%** | **48,0%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 193.296 | 92.441 | **34,0%** | **48,4%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 122.515 | 60.196 | **38,1%** | **50,2%** |
| Агенција за вработување | 3.439 | 3.434 | 746 | **12,9%** | **21,7%** |
| Социјална помош | 15.080 | 14.831 | 7.484 | **18,7%** | **49,6%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 52.516 | 24.015 | **30,2%** | **45,7%** |
| Други трансфери | 64.211 | 61.664 | 30.014 | **19,1%** | **46,7%** |
| Камата | 20.845 | 20.617 | 12.270 | **16,1%** | **58,9%** |
| **Капитални расходи[5]** | **47.156** | **47.351** | **12.620** | **/** | **26,8%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-41.350** | **-25.715** | **16,8%** | **62,2%** |

Извор: Министерство за финансии




**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-јуни 2025 година




**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-јуни 2025 година

Дефицитот на Буџетот на РСМ во периодот јануари – јуни 2025 година изнесува 25.715 милиони денари, што претставува 2,5% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 62,2% од годишниот план.




**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)

[5] Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот на капитални расходи за истиот период од 2024 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – јуни 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 40.586 милиони денари или 56,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (74,5%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 30.253 милиони денари или 59,9% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,1% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 51,7% (7.359 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 20.487 милиони денари, што е 45,7% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 11.805 милиони денари или 49,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 22,8%, за што се потрошени 4.671 милион денари, односно 47,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јуни 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 7.667 милиони денари, што претставува 46,2% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,2%, за што се потрошени 5.156 милиони денари или 47,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 14,2%. За таа намена беа реализирани 1.088 милиони денари или 39,6% од годишниот план.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-јуни 2025 година)*




Извор: МФ.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 5.511 милиони денари што претставува 67,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 94,4% во вкупните расходи, реализирани се 72,6% од планираните средства за цела година, односно 5.204 милиони денари.

Во периодот јануари – јуни 2025 година, Министерството за одбрана реализира 10.362 милиона денари, што е 50,7% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 43,1%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.461 милион денари (53,0% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 30,1% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 3.121 милион денари, односно 48,0% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јуни 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 1.601 милион денари, односно 34,6% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 51,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 822 милиона денари (31,6% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 3.013 милиони денари или 37,6% од вкупниот буџет за 2025 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите со 49,0%, за што се потрошени 1.478 милиони денари или 40,3% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери

до вонбуџетските фондови со реализација од 1.354 милиони денари (38,7% од планираното за годината) и учество од 44,9% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – јуни 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 4.859 милион денари, што е 27,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 90,3% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (4.390 милиони денари или 26,3% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 741 милион денари, што претставува 39,2% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (394 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 53,1%, а притоа се реализирани 45,7% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 21,6% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 160 милиони денари или 25,0% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јуни 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 95.002 новозаснованите работни односи[6]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број новоработени лица е зголемен за 3,1%.

Од вкупниот број новоработени, 44,4% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јуни 2025 година, 13,3% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јуни 2025 година изнесува 140.896, од кои 97.157 лица се активни баратели на работа, а 43.739 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 4,6%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на мај 2025 година, бројот на невработени е зголемен за 2.068 лица.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

[6] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Најголем дел од активните невработени лица (59,4%) е градско население, а според половата структура 48,7% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,4% е со непотполно средно образование или помалку, 24,8% со завршено средно образование, а 7,8% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според староснатa структура, 50,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 57,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,3% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во мај 2025 година изнесувала 45.796 денари и остварила годишен раст од 11,0%, а во однос на април 2025 година таа е повисока за 0,8%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на мај 2024 година се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (23,9%), Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (15,1%) и Образование (14,4%). Во мај 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 7,5%. Највисока просечна нето-плата во мај 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (81.718 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (101.765 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 69.434 денари, секторот Рударство и вадење камен со 57.461 денар и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.637 денари.

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, мај 2025 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во мај 2025 година изнесувала 68.859 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 11,0%, а на месечна основа таа е повисока за 0,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во мај 2025 година во однос на мај 2024 година се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (24,2%), Образование (14,6%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (14,5%).

## Пензии

Во јуни 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 345.653 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,3% се корисници на старосна пензија или 246.993 пензионери, 21,4% на семејна пензија или 74.009 пензионери и 7,1% на инвалидска пензија, односно 24.651 пензионер.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во јуни 2025 година изнесува 26.190 денари, што покажува дека таа е повисока за 23,4% во однос на истиот месец од 2024 година[7]. Просечната старосна пензија во јуни 2025 година изнесува 27.819 денари, просечната инвалидска пензија 23.720 денари, а просечната семејна пензија 21.575 денари.

Соодносот на просечната пензија во јуни 2025 година со просечната исплатена плата во мај 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,1%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за јуни 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| старосни | 246.993 | 71,3% | 27.819,00 |
| инвалидски | 24.651 | 7,1% | 23.720,00 |
| семејни | 74.009 | 21,4% | 21.575,00 |
| Вкупно | 345.653 | 100,0% | 26.190,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 32 | | 15.915,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 710 | | 34.893,00 |
| **Вкупно** | 346.395 | | 26.207,00 |

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јуни 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, при поизразени ризици од надворешното окружување. Одлуката за постепено олабавување на монетарната политика се заснова на оцената на инфлацијата и поволните движења на девизниот пазар.

[7] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

Во јуни 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

## Примарни пари

Во јуни 2025 година, примарните пари[8] се зголемија за 9,6% на месечно ниво. Зголемувањето на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 19,5%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 0,5%.

Во јуни 2025 година, примарните пари се зголемија за 25,6% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 41,0% и растот на готовите пари во оптек за 12,1%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (јуни 2025 година)




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[9]

Во јуни 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемиле за 3,1%, а депозитите на домаќинствата останале непроменети.

Од аспект на валутата, во јуни 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 2,1%, додека депозитите во странска валута се намалија за 0,9%.

Во јуни 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 12,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 19,7%, а депозитите во странска валута за 3,8%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст на годишно ниво од 14,6%, а депозитите на домаќинствата раст од 13,0%.

[8] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[9] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***614.794*** | ***0,9%*** | ***12,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *373.433* | *2,1%* | *19,7%* |
| *Странска валута* | *241.361* | *-0,9%* | *3,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *226.782* | *-0,5%* | *5,2%* |
| *Долгорочни* | *151.521* | *0,1%* | *16,7%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***522.463*** | ***1,6%*** | ***13,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *330.656* | *2,5%* | *19,8%* |
| *Странска валута* | *191.807* | *0,2%* | *2,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *80.518* | *1,4%* | *16,5%* |
| *Долгорочни* | *426.514* | *1,7%* | *13,3%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,2%, а долгорочните депозити за 16,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,7%.

## Кредити на банките

Во јуни 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,6% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 2,1% и раст кредитирањето на домаќинствата за 1,2%

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 2,5%, а девизните кредити за 0,2%.

На годишна основа, во јуни 2025 година вкупните кредити се зголемија за 13,0%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 16,0% и 10,3%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,8%, а кредитите во странска валута за 2,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 13,3%, а краткорочните кредити од 16,5%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,03%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,46%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,01 п.п. и изнесува 4,36%.




Во јуни 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се намали за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,20%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 2,74%, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 1,65%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,55%, а на новоодобрените девизни кредити 3,83%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,63% и 2,00%.

## Пазар на капитал




На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јуни 2025 година се зголеми за 69% на месечно ниво, како резултат на јавната понуда на хартии од вредност, додека прометот од класичното тргување и блок трансакциите се намалија за 18,3% и 88,8%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во јуни 2025 година изнесува 941 милион денари, што претставува зголемување за 54% на годишно ниво.

На крајот на јуни 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.565,34 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1,0%, а во однос на истиот месец претходната година тој е зголемен за 37,1%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на јуни 2025 година е 4.697,59 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 0,1%, а во однос на јуни 2024 година за 8,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk